РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2603/2
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2603/1 од 01.10.2025 година, во која се изнесни наводи против --------------------- во -------------------, поради сомневање за прекршување на изборниот процес и изборната кампања за Локални избори 2025 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај, од причина што пријавените дејствија не се опфатени со забраните во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а и 8-б од Изборниот законик. За постапување по пријавените наводи, надлежен е друг орган.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Државната изборна Комисија.

Предметот со број 12-2603/1 од 01.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 01.10.2025 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за прекршување на изборниот процес и изборната кампања за Локални избори 2025 година, против ------------------------------.

Во пријавата се наведува дека ------------------------ во ------------- ги држи во заблуда гласачите, со тоа што во јавноста претставува дека на Локалните избори 2025 година настапува со независна листа на кандидати за членови на Советот на Општина --------------.

По разгледувањето на пријавата и релевантната законска регулатива , ДКСК го констатира следново:
- пријавените дејствија не се опфатени со забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а и 8-б од Изборниот законик, за кои е надлежна да постапува ДКСК,
- пријавените наводи упатуваат на дејствија кои се во надлежност на друг орган - Државната изборна комисија, утврдена во член 31 став 2 алинеа 5 од Изборниот законик и Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за Локални избори 2025 година.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај, од причина што пријавените дејствија не се опфатени со забраните во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а и 8-б од Изборниот законик, за кои е надлежна да постапува ДКСК, односно за надлежен е друг орган - Државната Изборна Комисија, до каде пријавата ќе биде проследена. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
Shkup
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk